TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# ИНДЕКС НА ПЕРЦЕПЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА 2024

Оценки и рангирање на 180 држави и територии од целиот свет во однос на нивото на перцепција на корупција во јавниот сектор

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

# Индекс на перцепција на корупцијата (ИПК) 2024

- **Индексот на перцепција на корупцијата** ги бодува и рангира земјите/териториите врз основа на проценетата корупција во јавниот сектор на државата, од страна на експерти и бизнисмени.
- ИПК претставува **композитен индекс**, **комбинација на анализи и проценки на корупција**, собрани **од повеќе реномирани институции.**
- ИПК од 2024 се базира на 13 извори на податоци од 12 институции.
- Изворите на информации користени за ИПК од 2024 се базирани на податоци од претходните две години.

За да се пресмета ИПК, се следат следните чекори:

1. Избор на изворите на податоци
2. Стандардизирани извори на податоци
3. Пресметување на просекот
4. Известување за мерка на несигурност

# ИПК 2024:
# Што опфаќа?

☑

- Поткуп
- Злоупотреба на јавни средства
- Злоупотреба на јавна должност во приватни цели
- Непотизам во јавна служба
- Заробена држава
- Зајакнување на механизми за интегритет
- Обвиненија против корумпирани службеници
- Зајакнување на антикорупциската легислатива (на пр. финансиски пријави, заштита од конфликт на интереси, пристап до информации, итн.)
- Правна заштита на укажувачи, новинари и истражувачи

✖

- Даночни измами
- Незаконски текови на пари
- Овозможувачи на корупција (адвокати, сметководители, финансиски советници, итн.)
- Перење на пари
- Корупција во приватен сектор
- Сива економија и пазари

# ИПК 2024: Методологија

**12**

Извори обезбедуваат нови податоци

**13**

Извори користени за ИПК 2024

**1**

Извори кои не нудат нови податоци од ИПК 2019

### Ажурирани извори на податоци:

- African Development Bank
- VDEM
- World Justice Project Rule of Law Index
- PRS Group ICRG indicators
- Economist Intelligence Unit
- Sustainable Governance Indicators
- World Bank CPIA
- Freedom House Nations in Transit
- IMD World Competitiveness Yearbook
- PERC Asia Risk Guide
- Global Insights Country Risk Ratings
- World Economic Forum EOS

### Исти податоци како и 2023:

- Bertelsmann Transformation Index

# ИПК 2024: Методологија

| Source | Timeframe | N |
|---|---|---|
| African Development Bank CPIA 2023 | Sep - Nov 2023 | 54 |
| Bertelsmann Foundation Sustainable Governance Index 2024 | Jan 2022 - Jan 2024 | 30 |
| Bertelsmann Foundation Transformation Index 2024 | Jan 2021 - Jan 2023 | 137 |
| Economist Intelligence Unit Country Ratings 2024 | Sep 24 | 131 |
| Freedom House Nations in Transit 2024 | Jan - Dec 2023 | 29 |
| S&P / Global Insights Global Risk Ratings 2023 | Oct - Dec 2023 | 207 |
| IMD World Competitiveness Yearbook 2024 | Feb - May 2024 | 67 |

| Source | Timeframe | N |
|---|---|---|
| PERC Asia Risk Guide 2024 | Jan - Mar 2024 | 16 |
| PRS International Country Risk Guide 2024 | Sep 2023 - Aug 2024 | 141 |
| Varieties of Democracy Project | Jan - Dec 2023 | 178 |
| World Bank CPIA 2023 | Jan-Dec 2023 | 74 |
| World Economic Forum EOS 2024 | Mar - Aug 2024 | 117 |
| World Justice Project Rule of Law Index 2024 | Feb - June 2024 | 142 |

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# 1. Избор на изворите на податоци

Секој извор на податоци кој се користи со цел пресметување на перцепцијата за корупцијата мора да ги исполнува следниве критериуми за да се квалификува како валиден извор:

- квантитативни согледувања за корупција во јавниот сектор
- да е базиран на веродостојна и важечка методологија, која ги оценува и рангира повеќето земји на иста скала
- да е изведен од кредибилитетни институции и очекувано регуларно да се повторува
- да им дозволува доволен број на варијации на резултатите за да се разликуваат земјите
- овозможува рангирање на значителен број на држави
- рангирањето е овозможено од страна на експерт од страна на државата или пак личност од бизнис секторот
- институцијата ја повторува проценката барем на секои две години

# 2. Стандардизирани извори на податоци

**Стандардизирани извори на податоци на скала од 0-100, каде 0 означува највисоко ниво на корупција, а 100 најниско ниво.**

Оваа стандардизација се врши на основа на средната вредност на податокот од секој извор во основната година од секој резултат на земјата и потоа со поделба со стандардното отстапување на тој извор во основната година.

По оваа постапка, стандардизираните резултати се трансформираат на скалата на ИПК

# 3. Пресметување на просекот

За некоја земја или територија да биде вклучена во ИПК, треба да има **минимално три извори кои се проценуваат**.

Тогаш, ИПК на земјата се пресметува како просек од сите стандардизирани резултати достапни за таа земја. Резултатите се заокружени на цели броеви.

**Едноставен просек на оценките**

**Секој извор се брои подеднакво**

| Country X | Score |
|---|---|
| World Bank | 61 |
| Bertelsmann Foundation | 63 |
| World Justice Project | 61 |
| Transparency International | 65 |
| World Economic Forum | 65 |

Country X score = (61+63+61+65+65)/5 = 63



# ИПК 2024

- ИПК 2024 покажува дека повеќето земји имаат минимален или немаат никаков напредок во спречувањето на корупцијата во јавниот сектор во изминатите години
- Дури 2/3 од земјите имаат освоено помалку од 50 поени (од 100) што укажува на сериозни корупциски проблеми
- Глобалниот просечен резултат е 43 и повеќе од половина од земјите (56%) имаат резултат понизок од овој
- Меѓународната заедница и земјите во светот треба да ја имаат борбата против корупцијата во центарот на дебатите доколку сакаат да имаат напредок за други клучни проблеми, вклучувајќи ја и климатската криза
- Два од најголемите предизвици со кои се соочува човештвото се силно испреплетени: корупцијата и климатската криза. Милијарди луѓе ширум светот ги трпат последиците на климатските промени, бидејќи средства наменети да им помогнат на земјите да ја намалат емисијата на стакленички гасови и да ги заштитат ранливите популации се крадат или злоупотребуваат. Корупцијата во форма на несоодветно влијание претставува пречка за спроведување на политиките насочени кон решавање на климатската криза и доведува до еколошка штета. Ставањето на интегритетот во срцето на климатските иницијативи би придонело кон решавање на климатската криза и постигнување одржливост.

# ИПК 2024

- Додека земјите со високи резултати на ИПК може да изгледаат дека имаат ниски нивоа на корупција, меѓу овие земји има финансиски центри кои често се привлечни за корумпираните функционери за перење на пари или затскривање на незаконски стекнато богатство
- Репутацијата на финансиските центри за стабилност, слаба правна регулација и сигурни пазарни услови – насочени кон привлекување на странски инвестиции и бизниси – често се перципира како намалување на стимулацијата за коруптивни практики на терен. Меѓутоа, многу често, многу од овие политики се привлечни за корумпирани актери и перачи на пари од странство
- И покрај скандалите и протекувањето на инфомации за незаконски финансиски текови, финансиските центри продолжуваат да примаат валкани пари, поткопувајќи го интегритетот на глобалниот финансиски систем. За да се запрат овие текови, целосна транспарентност во однос на вистинските сопственици на компаниите е од суштинско значење, заедно со затворањето на правните дупки и справување со недостигот на ресурси на располагање на ревизорите за истражување на сомнителни активности

# ИПК 2024:
# ИПК Просек по вид на владеење

## AVERAGE CPI 2024 SCORE FOR DIFFERENT TYPES OF GOVERNMENT*

Strong democracies vastly outperform flawed ones and authoritarian regimes in control of corruption.




** Based on the Economist Intelligence Unit's (EIU) democracy classification for the year 2023. The total number of countries covered here is lower than the number covered by the CPI, as the EIU does not provide data for 13 of the countries in our sample. Data available at: https://ourworldindata.org/grapher/political-regime-eiu.*

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# ИПК 2024: На врвот

**И оваа година Данска се наоѓа на првото место со 90 поени. Потоа следат Финска со 88, Сингапур со 84, Нов Зеланд со 83 и Луксембург, Норвешка и Швајцарија со 81 поен.**

| РАНГ | ДРЖАВА/ТЕРИТОРИЈА | РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|
| 1 | Данска | 90 |
| 2 | Финска | 88 |
| 3 | Сингапур | 84 |
| 4 | Нов Зеланд | 83 |
| 5 | Луксембург | 81 |
| 5 | Норвешка | 81 |
| 5 | Швајцарија | 81 |



TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# ИПК 2024: На дното

**Јужен Судан се наоѓа на дното на индексот. Потоа следат Сомалија, Венецуела, Сирија, Јемен, Либија, Еритреја и Екваторијална Гвинеја.**

| Ранг | Држава /Територија | Резултат |
|---|---|---|
| 173 | Екваторијална Гвинеја | 13 |
| 173 | Еритреја | 13 |
| 173 | Либија | 13 |
| 173 | Јемен | 13 |
| 177 | Сирија | 12 |
| 178 | Венецуела | 10 |
| 179 | Сомалија | 9 |
| 180 | Јужен Судан | 8 |




Индекс на
перцепција на
корупцијата 2024
Македонија
Поени: 40/100
Позиција: 88/180
#cpi2024
www.transparency.org
TRANSPARENCY
INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

# ИПК 2024: Источна Европа и Централна Азија

- Регионалниот просек на Источна Европа и Централна Азија останува еден од најниските на Индексот на перцепција на корупцијата во 2024 година со 35 од 100. Низ различни земји, слабите демократски институции и владеењето на правото се влошени со тековната нестабилност и надворешни притисоци. Ова дозволува корупцијата да цвета додека ја поткопува довербата на јавноста, одржливиот развој и климатска акција
- Дури и во државите со стабилна демократија, изборните процеси се сè повеќе поткопани, при што владејачките партии искористуваат незаконско финансирање и манипулираат со правилата за да го обезбедат својот опстанок на власт
- Купување гласови, заплашување и злоупотреба на државните ресурси за време на изборните кампањите ја намалуваат довербата на јавноста во демократските процеси и нагласуваат како лидерите на различни земји се потпираат на корупцијата
- Петнаесет од деветнаесет земји во регионот се на ист ранг или во опаѓање, откако властите не успеваат да ги спроведат ниту најосновните мерки против корупцијата. Многу држави имаат несоодветни закони кои го контролираат политичкото финансирање, лобирањето и објавувањето на вистинската сопственост - некои немаат воопшто
- Повеќето земји во регионот не успеваат да ја гонат корупцијата на високо ниво и да спроведат судскиот интегритет бидејќи другите гранки на власта и интересните групи вршат несоодветно влијание

# МАКЕДОНИЈА
# ИПК 2024

| Година | Позиција | Поени |
|---|---|---|
| **2024** | **88** | **40** |
| 2023 | 76 | 42 |
| 2022 | 85 | 40 |
| 2021 | 87 | 39 |
| 2020 | 111 | 35 |
| 2019 | 106 | 35 |
| 2018 | 93 | 37 |
| 2017 | 107 | 35 |



# МАКЕДОНИЈА
# ИПК 2024

| ИПК Македонија | Рангирање на Земјата | Поени | Користени истражувања | BF (BTI) | EIU | FH | GI | VDP | WEF | WJP |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024 | 88 | 40 | 7 | 56 | 35 | 44 | 46 | 24 | 34 | 41 |

**Користени истражувања во 2024**

1. Bertelsmann Foundation TI – BTI (јануари 2021-јануари 2023)
2. Economist Intelligence Unit – EIU (септември 2024)
3. Freedom House NIT – FH (јануари- декември 2023)
4. Global Insight IHS – GI (октомври- декември 2023)
5. Verities of Democracy Project – VDP (јануари-декември 2023)
6. World Economic Forum- WEF (март- август 2024)
7. World Justice Project Rule of Law Index (февруари-јуни 2024)

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# НИВОТО НА КОРУПЦИЈА ВО РЕГИОНОТ ИПК-2020/2024

| ИПК 2020 Ранг | ИПК 2021 Ранг | ИПК 2022 Ранг | ИПК 2023 Ранг | ИПК 2024 Ранг | Држава / Територија | ИПК 2020 Поени | ИПК 2021 Поени | ИПК 2022 Поени | ИПК 2023 Поени | ИПК 2024 Поени | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 35 | 41 | 41 | 42 | 36↑ | Словенија | 60 | 57 | 56 | 56 | 60 | +4 |
| 63 | 63 | 57 | 57 | 63↓ | Хрватска | 47 | 47 | 50 | 50 | 47 | -3 |
| 67 | 64 | 65 | 63 | 65↓ | Црна Гора | 45 | 46 | 45 | 46 | 46 | 0 |
| 69 | 78↓ | 72 | 67 | 76↓ | Бугарија | 44 | 42 | 43 | 45 | 43 | -2 |
| 94 | 96 | 101 | 104 | 105↓ | Србија | 38 | 38 | 36 | 36 | 35 | -1 |
| 104 | 87 | 84 | 83 | 73↑ | Косово | 36 | 39 | 41 | 41 | 44 | +3 |
| 104 | 110 | 101 | 98 | 80↑ | Албанија | 36 | 35 | 36 | 37 | 42 | +5 |
| 111 | 110 | 110 | 108 | 114↓ | Босна и Херцеговина | 35 | 35 | 34 | 35 | 33 | -2 |
| 111 | 87 | 85 | 76 | 88↓ | **Македонија** | 35 | 39 | 40 | 42 | 40 | -2 |

# Главна тема: корупција и климатска криза

- Интегрирањето на антикорупциските мерки во климатските напори нуди огромен потенцијал за заштита на финансирањето, политиките и проектите за заштита на климата. Ова ќе помогне повторно да се воспостави довербата во климатските иницијативи и да придонесе за нивната ефикасност и влијание за оние на кои им е потребна на терен
- **Ставањето на интегритетот во центарот на напорите за климата е клучно за постигнување вистинско влијание.** Мерките за борба против корупцијата можат да ја подобрат способноста на земјите да ја ублажат и прилагодат климатската криза. Бидејќи климатското поле сè уште се развива, постои единствена шанса да се воспостават заштитни мерки против кражба, заробување на донесување политики и друга злоупотреба. Силната соработка меѓу климатските и антикорупциските релевантни чинители е од суштинско значење, при што Конвенцијата на ОН против корупција нуди критична рамка за поддршка
- **Заштита на процесите на креирање климатски политики од несоодветно влијание на национално, регионално и меѓународно ниво ќе доведе до посилна климатска акција.** Постигнувањето на највисоките нивоа на транспарентност и инклузивност во климатските политики и распределбата на финансиите ќе го отклучи нивниот целосен потенцијал, а истовремено ќе ја обнови довербата. Создавањето механизми за откривање и управување со конфликти на интереси – вклучително и преку декларации за интереси и регистри за лобирање – е од суштинско значење за подигање на амбициите во клучните форуми за климата, како што е Рамковната конвенција на ОН против климатските промени

# Главна тема: корупција и климатска криза

- **Зајакнувањето на граѓанскиот ангажман во климатските инвестиции ќе им овозможи на погодените од климатската криза да помогнат во креирање на решенија.** Информациите за финансирање, проекти и договори за заштита на климата треба да бидат отворени, достапни, како и навремено споделени, во согласност со принципите за добивање претходна согласност од луѓето кои се под влијание од таквите иницијативи. Рамките за инклузивна одговорност обезбедуваат дека заедниците се вклучени во иницијативи како што е Праведна транзицијата на енергија.
- **Зајакнувањето на истрагите, санкциите и заштитата за борба против корупцијата ќе ги одврати еколошките злосторства и ќе ја намали неказнивоста.** Пристапот до правдата може да се подобри преку зајакнување на телата за спроведување и надзор – вклучително и антикорупциските тела. На локалните заедници им треба лесен пристап до механизмите за поплаки, додека оние што зборуваат гласно - бранителите на климата, земјиштето и животната средина и укажувачите - мора да бидат заштитени од сите форми на одмазда.

# Изјава на Претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија, г-дин Благоја Пандовски

И оваа година Индексот на перцепција на корупцијата кој го објавува Транспаренси Интернешнл, покажува дека Македонија е далеку под минимумот од 50 поени кои се долната граница под која не може да се каже дека една земја има задоволителни активности насочени кон сузбивање на корупцијата. Во новиот извештај за индексот на перцепцијата на корупцијата имаме 40 поени што е за два поена помалку од минатата година и бележиме пад од дури 12 позиции на табелата заземајќи ја 88 позиција.

Овие негативни резултати се последица на големиот број на скандали кои се случија минатата година, а особено во областа на судството, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители.

Неказнивоста на високата корупција поврзана со лица на јавни позиции, индициите за политичко влијание во судството, лошата контрола која Судскиот совет ја врши врз судиите и 40-те препораки на оценската мисија на Европската Унија, кршењето на законот со изборот на кандидати за Академијата на судии и јавни обвинители за време на избори се само дел од скандалите кои го тресеа судството.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# Изјава на Претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија

Минатата година имавме и докажан случај на корупција од еден врховен судија, разрешување на кривичен судија од Кавадаречкиот суд кој се слушнал со обвинет на кого му судел дури 97 пати за неколку дена и уште неколку случаи кои се само загребување на површината на судството во кое граѓаните немаат доверба.

Слична е состојбата и во обвинителството кое не е ажурно во гонењето на високата корупција, и не ги процесуира иницијативите добиени од Државната комисија за спречување на корупцијата, а и самото беше предмет на скандали со докажан случај на корупција на еден поранешен член на советот на јавни обвинители.

Ваквата слика се потврди и со последниот Национален систем за интегритет кој ТИ- Македонија го објави во јануари 2024 година, каде обвинителството и судството беа ниско оценети во нивната улога во борбата против корупцијата.

Првиот чекор од долгиот пат во борбата против корупцијата е нејзината казнивост и генералната превенција која казнивоста ја има во општеството. Се додека ова не се постигне не можеме да очекуваме позитивни резултати на индексот на перцепција на корупцијата.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

**Благодариме!**
**www.transparency.mk**